Одговор на Владата на Република Македонија на Извештајот на Европскиот Комитет за спречување на измачување и нечовечко или понижувачко постапување или казнување (КПТ) за реализираната посета на Република Македонија

(06 до 09 декември 2016 година)

Во врска со вашето писмо CPT / MG / 2017/14 од 20.03.2017 година, во прилог ви ги испраќаме одговорите од Министерството за правда - Управа за извршување санкции на Извештајот на Европскиот комитет за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или Казнување (КПТ) за посетата на Република Македонија извршена од 6-9 декември 2016 година.

**<u>Точка 10 - 14</u>**

Врз основа на препораките на Комитетот кои што се однесуваат за преземање на конкретни чекори за воспоставување ефикасни механизми за справување со случаите на несоодветно постапување и корупција во затворски услови, Управата за извршување на санкциите предвиде посебна Стратешка цел во Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем во Република Македонија, која содржи мерки и активности за справување со овие две појави.

Земајќи го во предвид значењето на овие две области, во рамките на Проектот ”Јакнење на заштитата на правата на осудените лица” кој се имплементира од страна на Советот на Европа, една специфична цел (од вкупно 3) се однесува на јакнење на заштитата на правата на осудените лица преку воведување на ефикасни механизми за справување со случаите на несоодветно постапување и корупција во казнено-поправните и воспитно-поправните установи.

Во таа насока, во периодот 11-15 јуни 2016 година, од страна на двајца меѓународни консултанти ангажирани од Советот на Европа се спроведе мисија за проценка на состојбата во однос на несоодветното постапување и случаите на корупција во македонскиот затворски систем. За проценетата состојба, беше изготвен Извештај кој беше презентиран на работилница која се одржа на 12.10.2016 година на која присуствуваа сите инволвирани страни во функционирањето на затворскиот систем.

Земајќи ја во предвид комплексноста на овие две појави (несоодветно постапување и корупција), се формираа две работни група кои во соработка со двајца меѓународни експерти и еден домашен експерт ангажирани од Советот на Европа изготвија посебни Стратегии за нулта толеранција на овие појави, и тоа: Стратегија за спроведување на политика на нулта-толеранција за несоодветно постапување, како и План за спречување на корупција кои се усвоени од страна на Управата за извршување на санкциите во март 2017 година.

Во периодот 20 - 22 февруари 2017 година реализирани се три еднодневни обуки за подигање на свеста на раководниот персонал и останатиот затворски персонал со цел запознавање со новата Стратегија за политика на нулта толеранција за несоодветно постапување, како и со Планот за спречување на корупција. Со обуките беа опфатени вкупно 90 лица од затворскиот систем.

Исто така, согласно Националната Стратегија со помош на меѓународен експерт ангажиран од Советот на Европа се изработи и Стандарден оперативен протокол за водење евиденција и известување, односно за употреба на средства на присилба кој од мај 2017 година започна да се имплементира во сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи.

Меѓудругото, согласно Националната Стратегија, со помош на меѓународен консултант ангажиран од Советот на Европа се изработи Кодекс на однесување на затворскиот персонал во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Активност што следи е презентирање на Кодексот пред затворскиот персонал и негово печатењепо што ќе биде дистрибуиран до целокупниот затворски персонал.

Понатаму, Управата за извршување на санкциите започна со спроведување на континуирани обуки на затворскиот персонал, меѓу кои и обуки за човекови права со цел превенирање на лошо постапување во затворски услови. Во таа насока, согласно Годишниот план за обуки на припадниците на затворската полиција за 2017 година, во периодот април-мај 2017 година во Тренинг Центарот при КПД Идризово, од страна на двајца претставници од Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови правабеа спроведени обуки на тема: ”Меѓународни и национални стандарди од областа на извршување на санкциите” и ”Човекови права во затворски услови”. Со обуките беа опфатени 221 вработени од затворската полиција и секторот за ресоцијализација од казнено-поправните установи, и тоа: КПД Идризово - 113 лица, Затвор Скопје - 55 лица, Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка - 33 лица и Затвор Тетово - 20 лица. Во наредниот период се планира да бидат одржани обуки на оваа тема и на преостанатите вработени од секторот за ресоцијализација и припадници на затворската полиција, како од горенаведените четири установи, така и на вработените од останатите казнено-поправни и воспитно-поправни установи.

Исто така, од 31.05.2017 година започнаа обуки на припадниците на затворската полиција на тема ”Услови и начин на употреба на средства за присилба и постапување по Стандардниот оперативен протокол за употреба на средства за присилба”. Со обуките се опфатени вкупно 54 лица од четири казнено-поправни установи, и тоа: КПД Идризово - 16лица, Затвор Скопје - 13лица, Затвор Куманово со отворено одделение во Крива Паланка - 17лица и Затвор Тетово – 8 лица. Обуките ги спроведува обучувач од редот на затворската полиција (заповедник од Затвор Скопје) и се планира да се одржуваат континуирано во наредниот период.

Меѓудругото, на 17 мај 2017 склучен е Меморандум за соработка помеѓу Управата за извршување на санкциите и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), врз основа на кој претставници на ДКСК ќе држат континуирани обуки на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи по однос на превенцијата од корупција. Обуките започнаа од 1 јуни 2017 година со кои беа опфатени 24 вработени лица од секторот за ресоцијализација и

затворската полиција од четири казнено-поправни установи, и тоа: КПД Идризово - 7лица, Затвор Скопје - 9лица, Затвор Куманово со отворено одделение во КриваПаланка - 5лица и Затвор Тетово – 3 лица.

Во врска со препораката за развивање на Стратегија за борба против насилството помеѓу осудени лица во КПД Идризово, информираме дека справувањето со насилството помеѓу осудените лица е дефинирана како посебна Стратешка цел – 6 во Националната Стратегија која ќе се имплементира во наредниот период.

Во однос на наводите дека не се почитуваат процедурите за постапување при евидентирање на повреди на осудени лица од страна на лекарите на установите, при вонреден стручно-инструкторски надзор во КПД Идризово извршен на 5 јуни 2017 година, овластените лица за вршење на надзор повторно укажаа на надлежните лица од установата за задолжително почитување на воспоставените процедури. Имено, беше укажано за неопходноста од задолжително почитување на Упатството за постапка за евидентирање на знаци на насилство во установата кај притворени и осудени лица каде што е предвидено дека лекарот е должен веднаш да го извести директорот на установата со цел негово понатамошно процесуирање до надлежните институции. Исто така, се укажа и на Наредбата донесена од Директорот на Управата за извршување на санкциите од 28.11.2014 година која се однесува за задолжително водење на Книга на евиденција за повреди на осудени лица, како и за секоја констатирана повреда кај осудени лица задолжително да се известат надлежното основно јавно обвинителство, надлежниот основен суд, како и Управата за извршување на санкциите.

Во делот кој се однесува на можни злоупотреби на пратките на притворените лица од страна на припадниците на затворската полиција во Затвор Скопје, информираме дека со цел спречување на вакви злоупотреби, во установата е воведен нов начин на претреси и проверки на пратките за притворените лица. Поточно, претресите и проверките на пратките се вршат на начин што истите се отвораат пред притворените лица со евидентирање на сите предмети кои се дел од пратките, а списокот со содржината на пратката го потврдуваат самите притворени лица со своерачен потпис.

Во врска со информацијата за напредокот и резултатите од истрагата во врска со наводите за лошо постапување со осуденото лице Стојковски Раде од страна на припадници на затворската полиција во КПД Идризово, Управата за извршување на санкциите се обрати до Основното јавно обвинителство Скопје, меѓутоа сеуште е во очекување на одговор од нивна страна. По добивање на одговорот од нивна страна, веднаш истиот ќе биде доставен до Комитетот.

**<u>Точка 15</u>**

Во однос на ранливата категорија на осудени лица во КПД Идризово-сексуални престапници, постапувајќи по препораката на Комитетот по посетата од 2014 година, за преземање на мерки за издвојување на оваа ранлива категорија на осудени лица во посебни крило, КПД Идризово во целост ја исполни оваа препорака при што истите престојуваат во крило 7 во затвореното одделение и се целосно издвоени од останатите осудени лица. Во однос на наводите дека може да

дојде до промена на нивното сместување по посетата од Комитетот во 2016 година, на 5 јуни 2017 година се изврши стручно-инструкторски надзор со цел проверка на овие наводи, при што се констатира дека овие осудени лица сеуште престојуваат во крило 7 и се заштитени од другите осудени лица. Осудените лица не истакнаа никакви поплаки дека се малтретирани од други осудени лица, додека ново примените лица се целосно заштитени на начин што истите не престојуваат во приемното одделение, туку веднаш се сместуваат во 7 крило со цел да се обезбеди нивна заштита од евентуално малтретирање од други осудени лица.

**Точка 16 – 21**

Во врска со препораките за кадровската состојба во затворскиот систем, информираме дека со внимание ги разгледавме сите забелешки и информираме дека во иднина ќе бидат земени во предвид при дефинирање и исполнување на нашите стратешки реформи.

Што се однесува на препораката за обезбедување на најмалку едно вработено лице од женски пол во секоја смена во притворскиот дел од Затвор Скопје, информираме дека во зависност од потребите секогаш се обезбедува 24/7 покриеност на присутно вработено лице од женски пол, на следниот начин: секој ден до 20 часот е присутно лице од женски пол, а по 20 часот секогаш кога има потреба, со наредба се повикуваат припадничките од затворската полиција да извршуваат работни задачи и надвор од работното време.

Во однос на континуираните обуки на затворскиот персонал, информираме дека од април 2017 година започна процесот на континуирано обучување на затворскиот персонал (точка 10-14). Пред се, се создадоа сите материјални предуслови за спроведување на обуки, односно целосно се реконструира и опреми Тренинг центарот кој се наоѓа во КПД Идризово. Во меѓувреме, во рамките на ИПА Проектот 2009 “јакнење на капацитетите на органите за спроведување на законот за соодветно постапување со задржани и осудени лица”,се изработија голем број на материјали неопходни за отпочнување на обуките. Поточно, се изработија:

- Стратегија за спроведување на обука за затворскиот персонал (2017-2020 година);
- Програма и Прирачник за обука на раководниот кадар;
- Програма и Прирачник за обука за планирање на казна затвор;
- Програма и Прирачник за обука за спречување и управување со конфликти и
- Општа когнитивна програма за третман на осудени лица и 5 модули за третман на ранливи категории на осудени лица, и тоа за: третман на жени, сексуални престапници, доживотен затвор и малолетници, како и модул за третман пред отпуст на осудени лица.

Исто така, спроведени се повеќе циклуси на обуки за затворскиот персонал меѓу кои позначајни се: обука на обучувачи за примена на Општа когнитивна програма, за планирање на казна затвор и ефикасно справување со конфликти, како и каскадни обуки за Општата когнитивна програма, за планирање на казна затвор и ефикасно справување со конфликти, обука на затворскиот раководен кадар итн.

Во рамките на Проектот ”Јакнење на заштитата на правата на осудените лица”, со поддршка на тројца меѓународни консултанти доразвиени се три модули за третман на осудени лица и тоа: осудени лица на доживотен затвор, осудени лица - жени и осудени лица – сексуални престапници. Во период 13 – 17 март 2017 година реализирана е Обука за обучувачи за примена на трите програми/модули со која беа опфатени вкупно 10 лица од секторот за ресоцијализација од поголемиот број на казнено-поправните установи.

Понатаму, во периодот април-мај 2017 година се реализираа три дводневни каскадни обуки за примена на Општата когнитивна програма со трите модули за третман, со кои беа опфатени вкупно 85 лица од секторот за ресоцијализација и затворската полиција од сите казнено-поправни установи каде што престојуваат полнолетни осудени лица.

Во период 24 – 28 април 2017 година се реализираше и студиска посета во Р.Ирска на која учествуваа 7 претставници од затворскиот систем, со цел размена на искуства и знаења од областа на третманот на специфичните категории на осудени лица.

По изработката на програмите/модулите за третман и спроведените обуки за нивна примена, во тек е евалуација на трите модули за третман на ранливите категории на осудени лица. Во таа насока, од април 2017 година започна пилотирање на трите програми, и тоа: во КПД Идризово се пилотира модулот за лица осудени на доживотен затвор за жени, а во КПД Штип модулот за сексуални престапници. Пилотирањето ќе трае до јули 2017 година.

Понатаму, согласно Националната Стратегија и Стратегијата за обука за затворскиот персонал, Управата за извршување на санкциите го реализираше следното:

- изработени се три Програми за обука на затворскиот персонал (за секторот за ресоцијализација, за затворската полиција и за стручните инструктори);
- изработена е Годишна Програма за обука на затворскиот персонал;
- изработен е Годишен План за обука на затворскиот персонал за 2017 година;
- во секоја КПУ назначени се лица за координатори за обуки и
- од април 2017 година започна спроведувањето на континуираните обуки согласно Годишниот План за обука.

**Точка 22**

Во делот кој се однесува на професионалниот пристап на управување со затворскиот систем, информираме дека согласно Националната Стратегија, во рамките на Проектот ”Јакнење на заштитата на правата на осудените лица”, двајца меѓународни експерти ангажирани од страна на Советот на Европа, во периодот 22 - 24 ноември 2016 година реализираа мисија за процена на состојбата за зајакнувањето на критериумите за избор и на професионализмот на директорите на установите и на структурите во Управата за извршување санкции. За проценетата состојба изготвен е Извештај кој содржи препораки за унапредување на оваа област. Со цел дефинирање на предлог-законски одредби за зголемување на професионализмот на директорите на установите и јасно дефинирање на хиерархиската поставеност помеѓу нив и директорот на Управата за извршување на санкции, формирана е работна група која врз основа на препораките дадени од

меѓународните консултанти и со нивна натамошна поддршка во натамошниот период ќе бидат дефинирани предлог-законските одредби. Активноста е во тек.

**Точка 24**

Во однос на препораките за итно обезбедување на безбедни, хигиенски и соодветни услови во КПД Идризово, информираме дека КПД Идризово ќе ги земе во предвид сите препораки поединечно и ќе постапи по истите во наредниот период.

Во врска со бараните податоци за бројот на осудени лица во секое од крилата за сместување во КПД Идризово табеларно ви ја доставуваме бројната состојба на осудени лица по крила со состојба на 07.06.2017 година.

Табела бр.1

| **Опис на распоредени осудени лица по одделенија на ден 07.06.2017 година** | **Број на лица** |
|---|---:|
| Затворено одделение | 669 |
| Старачко одделение | 54 |
| Ново Старачко одделение | 49 |
| Амбуланта | 118 |
| Приемно | 55 |
| С.Е. Економија | 70 |
| Полуотворено | 137 |
| Отворено Препород | 29 |
| Женско | 77 |
| Училиште | 106 |

| | |
|---|---|
| Д-Оделение | 88 |
| З-Оделение | 42 |
| И-Оделение | 64 |
| Приземје 1 | 14 |
| Приземје 2 | 21 |
| Приземје 3 | 35 |
| Приземје 4 | 27 |
| Отворено одделение Велес | 51 |
| Болница Скопје-Арестанско одделение | 5 |
| Работа во вила Дојран | 1 |
| Вкупно: | 1712 |
| Бегство | 117 |

**Точка 27**

Во однос на дисциплинските ќелии во КПД Штип, информираме дека согласно условите во установата, ќе се настојува во помалите ќелии да престојува по едно лице, а во поголемите ќелии по две осудени лица кои издржуваат дисциплинска мерка – упатување во самица.

**Точка 28**

Во врска со забелешката за лицето кое е осудено на доживотен затвор, а кое за време на посетата на Комитетот се наоѓало на издржување на казна затвор во КПД Штип, информираме дека лицето повеќе не се наоѓа во КПД Штип, односно со решение од Апелационен суд Скопје на лицето му е изречена мерка притвор и од 08.02.2017 година лицето се наоѓа на издржување на мерка притвор во Затвор Прилеп.

**Точка 30**

Во однос на режимот на активности кои се нудат на осудените лица во КПД Идризово и КПД Штип, Управата за извршување на санкциите преку вршење на стручно-инструкторски надзор дава укажувања и препораки за унапредување на оваа област. Исто така, со цел добивање на целосна слика во сите казнено-поправни и воспитно-поправни установи, согласно предвиденото во Националната Стратегија се изработи Проценка за можностите за организирање на спортски и други слободни активности во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Проценката содржи констатирана состојба, заклучоци и препораки за секоја установа поединечно и истата е испратена до сите установи кои со исполнување на дадените препораки се очекува да се понудат поширок спектар на разновидни активности за осудените лица.

**Точка 31 и 32**

Во делот кој се однесува на реновирање на притворскиот дел од Затвор Скопје, односно на препораката да се воведе постојана програма за одржување и реновирање на сите ќелии од притворското одделение, информираме дека по истата е постапено. Поточно, Затвор Скопје има донесено Годишен План за реновирање на објектите во установата и по истиот ќе се преземаат чекори за одржување и реновирање на сите ќелии во притворското одделение.

Во однос на препораката за одржување на хигиената на притворените лица, информираме дека Затвор Скопје ги почитува одредбите од Правилникот за куќен ред за извршување на мерката во притворските одделенија на затворите. Истовремено, потенцираме дека притворените лица од женски пол секојдневно имаат пристап до топла вода за туширање.

Затвор Скопје презема активни мерки за адаптирање на затворска просторија која ќе биде опремена со спортски справи која би била достапна и на притворените лица.

Исто така, на сите притворени лица им се обезбедува движење на чист воздух од 2 часа согласно изработениот План за движење на чист воздух.

**Точка 33 – 40**

Во врска со здравствената заштита во затворскиот систем, информираме дека трансферот на должностите за здравствена грижа од затворскиот систем на Министерството за здравство сеуште не е целосно завршен. До моментот на решавање на ова прашање, здравствените работници остануваат во рамките на секторите за ресоцијализација на установите кое што решение е привремено, со оглед на тоа што се очекува во најкраток можен рок трансферот да биде завршен.

Што се однесува за останатите прашања околу здравствената заштита, Управата за извршување на санкциите постојано укажува на задолжителноста од следење на сите упатства, процедури и протоколи од областа на здравствената заштита. Во однос на зголемувањето на медицинскиот кадар, информираме дека постојано се бара вработување на нов кадар, а воедно очекуваме дека и ова прашање ќе биде надминато со целосно преземање на здравствената заштита од страна на Министерството за здравство.

**Точка 41**

Во врска со прашањето околу одлуката на судот за прекинот на казната затвор на осуденото лице Ферат Алији, информираме дека судот негативно решил по однос на продолжување на прекинот на казната затвор и именуваниот бил на прекин на казната затвор до 25.04.2017 година. Осуденото лице не се вратило на доиздржување на казна затвор во КПД Идризово и истото се води дека е во бегство од установата.

**Точка 42**

Во врска со претходните барања за информации за починатите девет осудени лица во КПД Идризово во текот на 2016 година, информираме дека Управата за извршување на санкциите дополнително се обрати до Основното јавно обвинителство во Скопје, со цел обезбедување на потребните податоци. Во прилог, доставуваме копија од Известувањето од Основното Јавно Обвинителство – Скопје со архивски број А бр.229/17 од 06.04.2017 година.

Во однос на препораката дека казнено-поправните установи треба да бидат секогаш известени за резултатите од извршените обдукции кога настапила смрт на осудени лице, информираме дека Институтот за судска медицина ја информираше Управата за извршување на санкциите дека резултатите од извршените обдукции ги доставува единствено до барателите на обдукциите. Поради тоа, Управата за извршување на санкциите се обрати дополнително до Основното Јавно Обвинителство – Скопје како баратeл на извршените обдукции, со цел да ги обезбеди бараните податоци на Комитетот.

**Точка 43 – 46**

Унапредувањето на дисциплинската постапка на осудените лица е активност која се реализираше во рамките на Проектот "Јакнење на заштитата на правата на осудените лица". Во таа насока, со помош на двајца меѓународни експерти ангажирани од Советот на Европа, во периодот од 31 октомври - 2 ноември 2016 година, се спроведе мисија за проценка на состојбата во врска со дисциплинската постапка и дисциплинското казнување на осудените лица, Врз основа на изготвениот извештај за проценетата состојба, работна група составена од членови на Управата за извршување на санкциите и казнено-поправните установи заедно со меѓународните консултанти изготвија предлог-законски одредби за подобрување на дисциплинската постапка.

Постапувајќи по дадените препораки од меѓународните консултанти, кои воедно дел од нив се препораки и на Комитетот, дефинирани се предлог измени во делот на:

– времетрањето на дисциплинската казна – упатување во самица – одредена е да трае најмногу 14 дена;

- лекарите не даваат повеќе мислење за здравствената состојба на осудените лица пред донесување на одлуката за дисциплинско казнување;
- дисциплинската казна не се изрекува за малолетни лица;
- жалбата на осуденото лице го задржува извршувањето на решениото, освен во итни случаи кога се загрозува безбедносната состојба на установата по проценка на директорот на установата;
- во случај на утврдување на дисциплинска одговорност за  потешки дисциплински повреди кои претставуваат кривично дело за кое е пропишана парична казна или казна затвор, на осуденото лице може да му биде обезбеден адвокат, по негово барање;
- во случај осуденото лице да е странски државјанин или лице кое не го разбира македонскиот јазик, на осуденото лице може да му биде обезбеден преведувач, по негово барање и
- други одредби за подобрување на оваа област.

Во однос на препораката на Комитетот осудените лица да имаат право на жалба до независен орган, информираме дека осудените лица имаат право на жалба до Управен суд по однос на второстепеното решение донесено од Управата за извршување на санкциите.

Во врска со можноста за повикување на сведоци и давање решение од изречена дисциплинска казна, информираме дека овие препораки се инкорпорирани во сегашната регулатива и се применуваат во казнено-поправните установи. Останатите препораки - да им обезбеди доволно време за одбрана на осудените лица и да им се овозможи да седат додека трае дисциплинската постапка, ќе се земат во предвид при изменување на регулативата од оваа област.

**<u>Точка 47</u>**

Во врска со времетраењето на посетите на притворените лица, особено во Затвор Скопје, информираме дека посетите траат најмалку 60 минути, додека на децата им се дозволува посета на притворено лице доколку истите имаат дозвола од суд за посета, чија дозвола установата е должна да ја почитува.

Што се однесува на времетраењето на посетата на осудените лица, информираме дека истите се реализираат согласно законски одредениот минимум од 60 минути.

**<u>Точка 48</u>**

Што се однесува на препораката за воспоставување на ефикасен систем на интерни поплаки во казнено-поправните установи – конкретно во КПД Идризово, Управата за извршување на санкциите на 5 јуни 2017 година изврши вонреден стручно-инструкторски надзор во КПД Идризово со цел проверка на моменталната состојба во врска со интерните поплаки. Од извршениот надзор, констатирана е истата состојба нотирана од Комитетот и на директорот на

установата му е укажано за потребата од комплетно водење на евиденција за интерните поплаки – согласно препораките на Комитетот, како и потребата од инсталирање на посебни сандачиња за интерни поплаки до кои би имале пристап сите осудени лица.

**Точка 49**

Управата за извршување на санкциите ги има утврдено недостатоците од нефункционирање на Државната комисија за извршување на санкциите, што е нотирано и во Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем на Република Македонија. Тргнувајќи од утврдените недостатоци, Националната Стратегија содржи активности за профункционирање на Државната Комисија од аспект на изменување на законската регулатива. Согласно предвиденото, во рамките на Проектот ”Јакнење на заштитата на правата на осудените лица”, со поддршка на национален консултант ангажиран од Советот на Европа, изготвени се предлог-законски одредби за профункционирање на Државната Комисија кои ќе бидат имплементирани во новиот Закон за извршување на санкциите. Новиот Закон за извршување на санкциите се планира да биде донесен до крајот на 2017 година.